МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2025

# Македонски центар за меѓународна соработка

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

Никола Парапунов 41а, 1000 Скопје, Северна Македонија

www.mcms.mk mcms@mcms.mk @mcms.mk

## Визија и мисија

Македонскиот центар за меѓународна соработка е организација на граѓанското општество што верува во мир хармонија и просперитет на луѓето во Македонија на Балканот и глобално.

Ние ја засноваме нашата визија на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативна демократија владеење на правото рамномерниот и одржлив социоекономски развој ненасилство почит меѓузависност и културна разноличност.

Нашата мисија е да предводиме промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми кои влијаат на другите актери и кои се вклучуваат во главните текови.

## Долгорочни цели

Нашите долгорочни цели кон кои неуморно се стремиме опфаќаат:

- Градење на вкоренето и влијателно граѓанско општество
- Обезбедување добро владеење и непоколеблива борба против корупцијата
- Создавање услови за социјална инклузија и кохезија
- Силна поддршка на процесот на евроинтеграција
- Подготвеност за одговор на итни општествени предизвици
- Реализација на зелената агенда.

За да го постигнеме сето ова ние континуирано се развиваме како независна организација со кредибилитет која делува како препознатлив поврзувач во општеството останувајќи секогаш атрактивна и иновативна средина за работа.

# Воведно обраќање на директорот

Годината што измина не потсети дека вистинската сила на едно граѓанско општество не се мери во моментите на спокојство туку во времињата на неочекувани предизвици. Влеговме во 2025 година со големи очекувања и јасни планови но глобалните политички превирања и промените во меѓународната поддршка брзо не ставија пред тест.

Наглото запирање на програмата Граѓаните против корупцијата финансирана од Американската агенција за развој донесе неизвесност и бараше од нас брзо прилагодување.

Но токму во тие моменти на криза се покажа суштината на Македонскиот центар за меѓународна соработка, дека не сме само спроведувачи на проекти туку заедница на луѓе посветени на идејата за подобро и поправедно општество.

Наместо да се повлечеме, ги зацврстивме нашите врски со граѓаните и институциите. Успеавме да го стабилизираме нашето работење да најдеме нови патишта за соработка со нашите европски и швајцарски поддржувачи и да го задржиме континуитетот на промените што ги создаваме.

Овој извештај е и сведоштво за луѓето кои собраа храброст да пријават неправда, за жените во спортот кои го кренаа својот глас и за сите граѓански активисти кои неуморно работат за своите локални заедници.

И покрај изгубените средства успеавме да го задржиме буџетот стабилен благодарение на довербата што ја градевме со децении.

Оваа година одржавме избори за нови состави на Советот и на Управниот одбор освежувајќи ги нашите раководни тела со нови перспективи.

Нашите корени се длабоки а нашата визија за мир хармонија и просперитет останува наша најсилна ѕвезда водилка.



Александар Кржаловски
Директор

# Програма за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас

Општествените промени во Македонија се поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

- 29 активни грантови (93 организации)
- 68 учесници на 4 обуки и работилници
- 2 настани за над 330 учесници
- Објавени 1.118 информации на програмата и грантистите
- Подготвени се три истражувачки извештаи: „Општа доверба и доверба во институциите“, „Доверба во граѓанското општество“ и „Граѓанската вклученост во Македонија“.
- Подготвена е Политичко-економска анализа и анализа на моќ и започнат е процесот на капитализација „Ретроспектива нанапред“



# Градиме мостови на доверба меѓу граѓаните и власта



Вистинските општествени промени се случуваат само кога граѓаните имаат моќен глас и кога институциите се подготвени тој глас да го слушнат. Преку нашата носечка програма Цивика мобилитас ние не делевме само финансиска поддршка туку градевме вистинска самодоверба кај локалните организации да преземат одговорност за својата околина. Овозможивме десетици здруженија да станат искрени партнери на општините и да понудат одржливи решенија за секојдневните проблеми на луѓето.

Особено сме горди на Националниот форум кој се одржа кон крајот на ноември во Клубот на пратениците во Скопје каде присуствуваа околу 250 претставници на институции и граѓански организации. Овој настан прерасна во отворен дијалог помеѓу највисоките претставници на Владата и граѓанскиот сектор. На иста маса седнаа министри и локални активисти разговарајќи за образованието социјалната политика демографијата животната средина и дигитализацијата. Овој настан создава нов културен образец каде критиката е конструктивна а решенијата се градат заеднички. Нашата мисија е да ја вратиме довербата во општеството бидејќи само општество кое си верува себеси може да чекори напред. Нашите најнови истражувања покажаа дека недовербата меѓу луѓето е сè уште висока и дека едвај 40% од граѓаните имаат доверба во граѓанскиот сектор но токму преку ваквите отворени форуми ние ги уриваме ѕидовите на сомнежот и градиме патишта на соработка.

Приказната за промена ја видовме и на локално ниво. Поддржавме организации кои иницираа промени директно на терен. На пример една граѓанска организација успеа да издејствува воведување централен регистар на државно стипендирани студенти во странство зголемувајќи ја транспарентноста во образованието. Дополнително влијание имаа и тематските форуми и регионалните настани организирани од грантистите. Тие ги отворија темите за младите, климатската правда, локалната отвореност, пристапноста, родовата еднаквост, финансиската писменост и квалитетот на јавните услуги. Разговорите не се водеа само во главниот град, туку и во Битола, Крива Паланка, Теарце, Кратово, Радовиш, Неготино, Струмица, Охрид и други места. Така се прошири и граѓанското влијание.

Програмата продолжи и да учи од сопственото искуство. Процесот на капитализација, под наслов Ретроспектива нанапред, претставува важен обид знаењето, лекциите и човечките приказни од 17 години поддршка да се претворат во траен ресурс за идните политики и практики. Така Цивика мобилитас не создава само тековни резултати. Таа создава меморија, знаење и насока за идни промени.

# Граѓански ресурсен центар

Зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во креирањето политики и придонесува за зајакнување на партиципативната демократија во земјата.



- 12 дебати, информативни сесии и консултации за 238 учесници
- 6 работилници за 165 учесници
- 6 посети на Мобилниот ресурсен центар за 82 заинтересирани граѓани
- 11 акциски грантови за следење на локалните избори
- Околу 250 информации испратени до повеќе од 9.000 е-маил адреси
- Подготвени и објавени се три анализи

# Дигитализација и отпорност за секој локален активист



За да биде граѓанскиот сектор вистински отпорен тој мора да биде самоодржлив и едуциран. Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) ја претвора енергија на секторот во знаење, капацитет и локална акција. Во 2025 година ГРЦ покажа како изгледа поддршка што оди таму каде што се потребите, во помалите општини, кај локалните организации и во секојдневните предизвици на граѓанскиот сектор.

Една од највидливите придобивки во 2025 беше поддршката на процесите поврзани со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Преку информативни сесии во Скопје, Гостивар, Битола и Радовиш, околу сто претставници на граѓански организации добија информации и насока за вклучување во овој важен механизам. Со тоа ГРЦ придонесе кон повеќе информирано и поактивно граѓанско учество во процесите што ја обликуваат јавната политика. Подеднакво важно беше и вклучувањето во консултациите за новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество. Овде ГРЦ беше посредник во процес во кој гласот на граѓанските организации треба да стане составен дел од институционалното планирање. Особено силна беше заложбата за државното финансирање, што повторно го потврди фактот дека одржливоста на секторот останува еден од најважните предуслови за демократски развој.

Преку Граѓанскиот ресурсен центар патувавме низ целата земја со нашиот мобилен тим за да допреме до активистите во најмалите места посетувајќи ги Крушево Валандово Демир Капија Битола Јегуновце и Кочани. На овие средби не само што пренесувавме знаење туку внимателно ги слушавме реалните маки на луѓето кои се обидуваат да направат промена во своите маала и села.

Вредноста на оваа програма е и во создавањето чувство на припадност и поддршка. За многу организации, особено локалните, да имаат место каде можат да побараат совет, менторство, логистичка поддршка или простор за вмрежување значи да не се чувствуваат сами. Во општество каде што граѓанскиот активизам често се соочува со недоверба, ограничени ресурси и институционална затвореност, токму ова чувство на заедништво е предуслов за истрајност.

На подолг рок, оваа програма придонесува за повеќе од организациска ефикасност. Таа придонесува за демократија што се учи и практикува секојдневно. Кога локалните организации се подобро информирани и посамоуверени, тие стануваат подобри посредници меѓу граѓаните и институциите. А токму од такви посредници зависи дали политиките ќе останат далечни документи или ќе станат нешто што навистина го подобрува секојдневниот живот.

# Регионална мрежа за антикорупција СЕЛДИ

Подобрување на партиципативната демократија и процесот на приближување кон ЕУ преку консолидирање и зајакнување на влијанието на на граѓанското општество во креирање политики и реформски процеси во регионот на Западен Балкан во областа на антикорупцијата, владеењето на правото и доброто владеење.

- Објавен Националниот извештај за проценка на корупцијата
- Поддржани 30 ГО од 6 земји од регионот за спроведување антикорупциски иницијативи
- Регионален настан „Средбата на високо ниво – Иновации против нелегалната моќ“
- Онлајн заедница на грантистите „Антикорупциска лабораторија“
- Објавена интерактивна контролна табла (dashboard) за проектите од Програмата за мали грантови
- 9 кратки документи за одбележување на меѓународни денови
- Пратени 6 Е-билтени



# Светлина во темните агли на системот




Во 2025 година Регионалната мрежа за антикорупција ја потврди важноста на регионалната соработка во време кога корупцијата одамна ги надминала границите на националните системи. Преку оваа програма МЦМС не само што учествуваше во регионален процес, туку активно го обликуваше, поврзувајќи организации, експерти и иницијативи од целиот Западен Балкан.

Корупцијата не е само статистички податок, таа е украдена иднина за младите небезбеден пат за патниците и недостаток на лекови за болните. Преку СЕЛДИ обединивме триесет локални и младински организации од Западен Балкан давајќи им конкретни алатки и огромна храброст да ги истражуваат сомнителните јавни набавки и да ги штитат укажувачите кои пријавуваат криминал. Со интерактивната контролна табла за поддржаните проекти се зголеми транспарентноста и видливоста. Кога јавноста и партнерите можат лесно да видат кој работи, на што работи и со какви ресурси, се зајакнува довербата во процесот и се поттикнува поширок интерес за антикорупциските напори.

Создадовме и онлајн дигитална антикорупциска лабораторија каде активистите од целиот регион секојдневно разменуваат искуства стратегии и инспирација. На големиот настан „Иновации против нелегалната моќ“ ги соочивме институциите со експертите барајќи одговори за политичката волја и заробеноста на државите. Преку овие едукативни настани и отворени дебати им покажавме на луѓето дека нивниот глас вреди и дека молкот пред неправдата е всушност тивко соучесништво.

Програмата придонесе и кон создавање и користење докази. Податоците од Системот за следење на корупцијата и работата на Извештајот за процена на корупцијата помогнаа темата да се води со конкретни индикатори и анализи. Поглавјето за нивото на корупција од националниот извештај беше доставено до Делегацијата на Европската Унија во Скопје за потребите на годишниот извештај на Европската комисија.

Програмата помогна да се создаде регионален речник за добро владеење и отпор кон корупцијата. На тој начин организациите од различни земји градат заеднички стандарди за тоа што значи јавен интерес, одговорност и институционален интегритет. За Македонија ова покажува дека локалните напори се дел од пошироко движење и дека знаењето создадено тука може да придонесе и во регионален и во европски контекст. Во време кога корупцијата често се доживува како нерешлив и нормализиран проблем, самото создавање заедница што верува во спротивното претставува значаен чекор напред.

# Граѓаните против корупцијата

Да се зголеми вклученоста и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, што ќе доведе до подобрување на реакцијата на државните институции и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и локално ниво.

- 10 години активно дејствување како обединет фронт против корупцијата
- 14 искусни граѓански организации обединети како постојани членки во мрежата
- 6 јавни реакции и позиции на клучни системски прашања за антикорупција
- 11 конкретни барања до надлежните институции по трагедијата во Кочани
- Над 15 состаноци и консултативни процеси во рамки на работни групи за јавни политики
- Континуирано следење и јавно реагирање на законски измени



# Истрајност и покрај пречките



Иако оваа програма се соочи со нагло и неочекувано затворање поради промени во меѓународните политики на донаторот, сепак сме задоволни со она што го направивме додека работевме активно. Пред да биде прекината програмата успеавме да обединиме седум партнерски организации кои започнаа интензивна работа на терен. Започнавме со имплементација на проекти кои го едуцираат обичниот граѓанин како да препознае корупција во секојдневниот живот. Подготвивме терен за работилници за законот за конфискација на нелегално стекнат имот и организиравме средби кои ги поттикнаа младите да размислуваат за личниот интегритет. Ова искуство не научи дека борбата против корупцијата бара огромна флексибилност и дека дури и кога еден пат ќе се затвори ние веднаш започнуваме да градиме нов канал за поддршка на граѓанската правда.

По прекинувањето на нашата антикорупциска програма продолживме да дејствуваме уште посилно преку Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата каде имавме улога на секретаријат. Оваа мрежа составена од четиринаесет искусни организации прерасна во најгласниот браник на јавниот интерес. Нашата порака одекна силно кога недвосмислено посочивме дека корупцијата буквално убива и дека трагедиите како страшниот пожар во Кочани се директна последица на повеќедецениска системска негрижа и селективна правда. Ние застанавме во одбрана на правото на живот барајќи темелни непартиски истраги и итна реформа на казнената политика со цел еднаш засекогаш да се стави крај на културата на неказнивост каде човечките животи ја плаќаат цената на институционалните пропусти.

Нашиот притисок врз институциите беше постојан и аргументиран. Остро реагиравме против избрзаните измени во Кривичниот законик кои создаваа правна несигурност и отвораа простор за легализирање на корупцијата. Истовремено бевме гласот на разумот кој континуирано бараше итно донесување на Законот за заштита на укажувачи за да им обезбедиме сигурност на оние храбри граѓани кои пријавуваат криминал. Кога власта потпишуваше нетранспарентни договори за странски инвестиции ние застанавме во одбрана на државниот буџет барајќи јавноста претходно да ги знае условите за да се спречат тајни задолжувања.

Кога дури и ДКСК предлагаше ограничување на пристапот до јавни информации ние бескомпромисно го бранеевме правото на граѓаните да знаат како се трошат нивните пари. Платформата докажа дека граѓанскиот сектор не може да биде замолчен и дека ние остануваме сигурен и посветен партнер на граѓаните во изградбата на систем каде правилата важат подеднакво за сите.

# Рехабилитација за отпорност: патот напред

**Да се унапреди отпорноста на заедниците изложени на ризик, да се поттикне конструктивна соработка помеѓу јавните институции и граѓанското општество, како и да се обезбеди приспособена поддршка за семејствата засегнати од процесите на радикализација.**

- 6 работилници за 134 претставници на безбедносните институции и Локалнит совети за првенција
- 1 работилница за „Проактивни верски чинители“ за 34 претставници на верски заедници
- Потпишана заедничка Декларација на верските лидери за борба против насилниот екстремизам
- 237 психо-социјални советувања за 9 семејства
- 3 обуки за работници од првата линија за околу 78 учесници
- Објавен извештајот „Перцепции на граѓаните за безбедноста“



# Заедници со припадност и безбедност



Најголемиот испит за хуманоста на едно општество е начинот на кој тоа се грижи за своите најранливи и најстигматизирани членови. Преку програмата за ресоцијализација работевме на исклучително чувствителни прашања поврзани со спречување на насилниот екстремизам и враќањето на луѓето од конфликтните зони. Наместо да дозволиме стравот и омразата да владеат во локалните заедници ние избравме да градиме мостови на разбирање и простување. Остваривме важен напредок кога ги обединивме лидерите на петте најголеми верски заедници кои потпишаа заедничка декларација осудувајќи го насилниот екстремизам и промовирајќи го соживотот како врвна национална вредност.

Заедно со партнерските организации работевме директно во училиштата кои се првата линија на одбрана на нашите деца. На овој начин обучивме десетици наставници и психолози како да препознаат скриена траума кај учениците и како да реагираат пред таа траума да премине во насилство. Воспоставивме системи за безбедно пријавување на врсничко насилство во неколку основни училишта претворајќи ги во вистински безбедни прибежишта за секое дете. Преку повеќе од двесте часови поминати во искрени психолошки советувања пружавме директна поддршка на семејствата помагајќи им да ги залечат невидливите лузни да се справат со траумата и повторно да станат активен дел од општеството. Театарската претстава Игра на доверба која патуваше низ градовите им помогна на младите да ги препознаат опасностите од регрутација преку видео игрите учејќи ги на критичко размислување во сложениот дигитален свет.

Програмата во текот на годината објави истражување за перцепциите на граѓаните за безбедноста и пет тематски инфографици. Ова беше важен придонес за јавната дебата, затоа што темите за безбедност, радикализација и реинтеграција често се водат со страв и претпоставки.

Подеднакво важно беше градењето на локални и институционални сојузи. Во 2025 година беа потпишани меморандуми за соработка со општините Дебар и Сарај, како и со Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи. Беше одржана работилница со верски чинители. Во контекст во кој довербата меѓу различни актери често е кревка, овие чекори се многу важни. Тие создаваат локална основа за координиран и човечки пристап.

Програмата постигна значајни резултати во областа на психосоцијалната поддршка, локалната координација и градењето поотпорни заедници. Ова е важна потврда дека долгорочната и внимателна работа со ранливи групи носи реални поместувања. Не брзи и спектакуларни, туку длабоки и одржливи.

# Фер игра: поддршка за родова еднаквост во спортските политики

**Подобрување на родовата еднаквост во спорот преку сеопфатно застапување и трансформација на политиките. Зголемување на свеста, борбата против дискриминацијата и зајакнување на капацитетите на националните спортски институции за креирање и спроведување на родово одговорни политики.**

- Организирана е работилница на тема родово-базирана дискриминација на која учествуваа вкупно 27 лица (12 жени и 15 мажи).
- Беше организиран настан за промоција на наодите од истражувањето „Родова еднаквост и инклузивност во спортот во Северна Македонија“
- Спроведено е сеопфатно истражување за родово-базирано насилство врз жените во спортот во Северна Македонија кое вклучи онлајн анкета со 115 спортистки, прашалници до 25 спортски федерации и 22 длабински интервјуа со клучни чинители.



# Бришење на невидливите бариери на спортските терени




Во 2025 година МЦМС продолжи да отвора еден од помалку видливите, но многу важни фронтови за еднаквост, спортот. Родова еднаквост во спортот е прашање на достоинство, пристап, безбедност, глас и можност жените и девојките рамноправно да учествуваат и одлучуваат.

Беше реализирана работилница за родово базирана дискриминација во спортот, на која учествуваа претставници на национални спортски федерации, спортски клубови и спортисти. За дел од учесниците ова беше можност првпат систематски да разговараат за родовата еднаквост како човеково право и да ја поврзат со секојдневното функционирање на спортските организации. Особено е важно што работилницата отвори и разговори за конкретни акциски планови во областите што учесниците ги препознаа како најитни.

Беше промовиран и извештајот „Родова еднаквост и инклузивност во спортот во Северна Македонија". Со ова, темата доби и фактографска подлога. Кога институциите и федерациите располагаат со јасни наоди и препораки, тогаш се отвора можност дебатата да премине од општи заложби кон конкретни промени во правилата, практиките и приоритетите.

Иако Министерството за спорт не одговори со очекуваната подготвеност за соработка, програмата не дозволи темата да се затвори. Напротив, преку консултација со националните спортски федерации беа идентификувани нови приоритети, како што се родово одговорно буџетирање, национална конференција за поголемо вклучување на жените во спортот и обука за развој на акциски план за родова еднаквост во спортот. Ова покажува дека и кога институционалните врати се затворени, промени може да се подготвуваат оддолу, преку федерациите, клубовите и луѓето што се директно вклучени.

Вистинската вредност на оваа програма е во тоа што таа ја легитимира темата. Го прави видливо она што долго било нормализирано или игнорирано. И им дава јазик, аргументи и простор на оние што сакаат спортот да биде поправеден, побезбеден и поотворен.

Покрај непосредната работа со федерациите, програмата имаше и пошироко симболичко значење. Таа испрати порака дека спортот не е издвоен од општеството и дека неправдите што постојат во другите сфери се пресликуваат и таму. Кога се отвора разговор за родово одговорни политики во спортот, всушност се отвора и разговор за тоа какви вредности сакаме да поттикнуваме кај младите, во клубовите, во јавните институции и во општеството во целина.

# Мали развојни иницијативи општество

Поддршка на мали, но значајни иницијативи што носат конкретни придобивки за различни заедници, а истовремено и поврзување меѓу локалното, регионалното и дијаспорското искуство.

- 3 финансиски поддржани граѓански иницијативи
- 6 студенти од дијаспората (САД, Канада, Данска) на тронеделен престој
- 5 компании и институции домаќини на стручна пракса
- 1 годишен бриф за овозможувачката околина за ГО во 2024 година, финализиран и објавен
- 1 тематски хакатон за решенија на законите кон граѓанскиот простор (17-19 јуни, со учество на МЦМС во жири комисијата)
- 1 специјализирана обука за СЛАПП (стратегиски тужби против јавна партиципација)



# Нови перспективи преку поврзување со корените



## Следење на околината за развој на граѓанското

Во рамките на следењето на околината за развој на граѓанското општество, МЦМС и во 2025 активно придонесуваше во работата на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество. Присуството на конференции и работни средби во Брисел и Тирана, како и учеството во истражувања и тематски консултации, помогнаа локалното искуство на Македонија да биде вклучено во пошироки регионални и европски разговори за овозможувачката околина, за женските права и за државното финансирање на граѓанските организации.

## Поддршка на мали иницијативи

Во 2025 година оваа програмска област го задржа својот препознатлив карактер на флексибилност и чувствителност кон различни видови општествени потреби.

Беа поддржани три акции, една насочена кон градови и заедници по мерка на децата, една кон спортски туризам и културно наследство и една кон учество на меѓународни студентски натпреварувања. На прв поглед овие иницијативи се различни. Но она што ги обединува е идејата дека малата, насочена поддршка може да отвори простор за локална енергија, видливост и самодоверба.

Особено инспиративна беше и програмата Родум од Македонија, која во 2025 влезе во своето деветто издание. Шест студенти од САД, Канада и Данска пристигнаа на тринеделен престој што комбинираше стручна пракса и културно доживување. Преку оваа програма младите Македонци од дијаспората не само што се поврзаа со своето потекло, туку добија и можност да создадат жив однос со современата Македонија, со нејзините институции, компании, култура и врсници. Во време кога иселувањето е длабок општествен предизвик, секоја ваква програма има значење што е поголемо од краткиот престој. Таа гради мостови на припадност и заемно разбирање.

Оваа програмска област покажува дека социјалната кохезија не се гради само преку големи системски интервенции. Таа се гради и преку мали но смислени потези што ги поврзуваат луѓето, ги охрабруваат локалните идеи и создаваат чувство дека секој има место во заедничката приказна.

Ширината на оваа програма е значајна затоа што покажува како изгледа инклузија во пракса. Заедничкиот именител е чувството дека никој не треба да остане надвор од развојните процеси.

# Организациска стабилност и кредибилитет

МЦМС - независна и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост. МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед

- https://www.linkedin.com/company/mcms-mcic (869 followers)
- https://www.facebook.com/mcms.mk (10.288 followers)
- https://www.youtube.com/mcmsmcic (136 subscribers)
- https://www.scribd.com/user/2996697/%D0%9C%D0%A6%D0%9C%D0%A1 (376 uploads)
- https://x.com/mcms_mk (1.442 followers)
- https://mcms.mk/mk/vesti-i-javnost.feed?type=rss
- Месечен е-билтен за постигнувањата на МЦМС преку е-пошта (2.000 subscribers)



# Транспарентност која инспирира доверба



Иако овој извештај е насочен кон постигнувањата, вреди да се истакне дека тие не би биле можни без организациската способност да се одговори на криза и промена.

Свесни сме дека за да бараме одговорност од другите ние самите мора да бидеме пример за беспрекорно и транспарентно работење. Оваа година спроведовме редовни избори за нови состави на нашите највисоки управни тела Советот и Управниот одбор со што донесовме нова свежина во стратешкото планирање.

Донесовме и нови интерни правилници за заштита од судир на интереси и заштита на децата со што ги усогласивме нашите процедури со највисоките глобални стандарди.

И покрај намалувањето на тимот поради прекинот на некои програми нашата извршна канцеларија составена од 21 посветен професионалец продолжи да работи со несмален интензитет и огромна мотивација.

Нашата комуникација со јавноста остана отворена и двонасочна. Преку нашите електронски билтени, веб страници и социјални медиуми ние не само што информиравме туку и едуциравме.

Забележавме повеќе од триесет илјади посети на нашите веб платформи и бевме присутни во повеќе од триста медиумски објави што докажува дека граѓаните активно ги бараат и ги читаат нашите истражувања и приказни. Нашата дигитална заедница континуирано расте спојувајќи активисти кои веруваат во истата кауза.

Организациската стабилност не беше само техничко прашање на управување, туку предуслов за јавна доверба. Партнерите и корисниците ја чувствуваат сигурноста на една организација преку нејзината способност да одговори навреме, да комуницира јасно, да ги исполнува преземените обврски и да остане посветена на мисијата и во тешки околности. Токму оваа конзистентност дополнително го зацврсти кредибилитетот на МЦМС како препознатлив поврзувач и одговорен јавен актер.

МЦМС во 2025 покажа и организациска зрелост во тоа што не дозволи внатрешниот притисок да го потисне надворешното влијание. Напротив, кризата беше управувана така што јавната работа продолжи, а партнерствата се продлабочија. Ова е особено важно во граѓанскиот сектор, каде што довербата се гради споро, а може лесно да се наруши.

# Совет и Управен одбор на МЦМС

## Членови на Советот 2025-2029

- Елена Кочоска (Управен одбор на МЦМС)
- Надир Реџепи (ИнСоК)
- Герман Филков (Центар за граѓански комуникации)
- Лулзим Хазири (АДИ Гостивар)
- Симонида Кацарска (Институт за европска политика)
- Назиф Авди (Македонско здружение на млади правници)
- Неда Малеска - Сачмароска (Центар за управување со промени)
- Дејан Страчковски (Македонска православна црква)
- Ирсал Јакупи (Исламска верска заедница)
- Благица Петрески (Финанце Тхинк)
- Марко Трошановски (ИДСЦС)
- Сања Васиќ (МИМ)
- Назим Рашиди (Диверзити медиа)
- Драган Секуловски (ЗНМ)
- Тетјана Лазаревска (МРПФ)
- Наташа Вртеска (ЗЕЛС)
- Томе Христоски (Општина Крушево)
- Никица Мојсоска - Блажевски (Македонија 2025)
- Ѓорѓи Петрушев (Би-милк)
- Мартин Конев (Евангелско-методистичка црква)

## Управен одбор 2025-2029

- Елена Кочоска
- Надир Реџепи
- Васил Манасиев
- Неда Милевска Костова
- Тетјана Лазаревска
- Сања Васиќ
- Назим Рашиди



# Извршна канцеларија на МЦМС

## Извршна канцеларија

- Валентина Величковска
  vat@mcms.mk
- Јасмина Ристовска
  jrs@mcms.mk
- Снежана Камиловска Трповска
  skt@mcms.mk
- Александра Савевска
  asv@mcms.mk
- Јасмина Чаушоска
  jch@mcms.mk



- Фанија Ивановска
  fiv@mcms.mk
- Флориан Мехмети
  fmh@mcms.mk
- Валентина Чичева
  vch@mcms.mk
- Дарко Димов
  ddm@mcms.mk
- Јелмаз Дервиши (до јуни)
- Блинера Реџепи
  brd@mcms.mk
- Наташа Сердаревиќ (до април)
- Борис Ристовски
  brs@mcms.mk
- Александра Сипковска (до јуни)
- Паола Лисиќ (до јуни)
- Адис Рахиќ
  arh@mcms.mk
- Борче Јакимовски
  bjk@mcms.mk
- Кристина Богеска (до јуни)
- Теа Цветановска
  tcv@mcms.mk
- Игор Ордев
  ior@mcms.mk
- Даниел Станоески
  dst@mcms.mk
- Каролина Ѓурковска
  kgj@mcms.mk
- Сумејје Селам
  ssl@mcms.mk

# Стабилност во време на промени

Финансиското работење во годината што измина беше обележано со големи предизвици но и со извонредна способност за брза адаптација. Откажувањето на значајни планирани средства бараше од нас итна реорганизација на приоритетите. Сепак благодарение на цврстите партнерства што ги негуваме со децении особено со Швајцарската агенција за развој и соработка и Европската Унија успеавме да обезбедиме дополнителна поддршка која ни помогна да ги амортизираме ударите. Нашиот вкупен буџет достигна околу сто и осумдесет милиони денари што ни овозможи непречено да ги реализираме сите останати витални програми за заедницата. Оваа финансиска отпорност е директен доказ за довербата што донаторите ја имаат во нашите системи во нашите луѓе и во нашето долгорочно влијание врз општеството.

*Зад секоја цифра во овој извештај стои конкретна промена во заедни*
*која светот ја почувствува турбулентноста на новата американска*
*укинувањето на УСАИД одекна низ целиот граѓански сектор, МЦМС*
*курсот, да обезбеди буџет од* **речиси 180 милиони денари***, односно*
*евра, и да продолжи да биде сидро на доверба за десетици проекти и*

**ВКУПНИ ПРИХОДИ**
**179,4** мил. ден.
приближно 2,9 милиони евра
И покрај загубата од укинувањето на програмата ГПК, буџетот остана стабилен благодарение на засилената поддршка од швајцарскиот партнер.

**ВКУПНИ РАСХОДИ**
**178,7** мил. ден.
приближно 2,9 милиони евра
Дури четири пет од секој денар отидоа директно во програми и поддршка на заедницата, што надминува меѓународно прифатени стандарди за ефикасност.

**ПОЗИТИ**
**728**
приближ
Скромен
турбулент
одговорн
што ни е

## I. ОД КАДЕ ДОАЃААТ СРЕДСТВАТА

Швајцарска агенција за развој
Европска Унија
УСАИД
ГЦЕРФ
Сопствени и други приходи



## II. ЗА ШТО ГИ УПОТРЕБИВМЕ




Цивика мобилитас
Поддршка на граѓанскиот сектор

Регионална мрежа за антикорупција
Транспарентност преку граници

Граѓаните против корупцијата
Програма прекината по укинувањето на УСАИД

Други програмски активности
Реинтеграција, родова еднаквост, инклузија

Оперативни трошоци
Плати, администрација, инфраструктура

**ВКУПНИ СРЕДСТВА**
163,0 мил. ден.

**ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ**
101,6 мил. ден.

*Стабилна ос*
*планираме г*
*веродостоен*

# Независно ревизорско мислење

*цата. Во година во*
*администрација и*
*успеа да го задржи*
*околу 3 милиони*
*заедници.*

**ВЕН БИЛАНС**

**3 илј. ден.**

но 12 илјади евра

но значаен суфицит во крајно
тна година, доказ за зрело и
о управување со довербата
укажана.

| | |
|---|---|
| 107,3 | мил. ден. |
| 31,5 | мил. ден. |
| 18,6 | мил. ден. |
| 10,1 | мил. ден. |
| 11,9 | мил. ден. |

53,7%

14,9%

5,5%

5,2%

20,7%

*нова која ни дозволува да*
*олгорочно и да останеме*
*партнер.*

Audit & Business Advisory

Ул .1661 бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:

Раководството на

Македонски центар за меѓународна соработка

## Извештај на независните ревизори

**Извештај за ревизијата на финансиските извештаи**

**Мислење**

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на „Македонски центар за меѓународна соработка“ (во понатамошниот текст „Организацијата“), коишто го вклучуваат извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш и белешки кон финансиските извештаи, вклучително и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Организацијата „Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје“ заклучно со 31 декември 2025 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

**Основа за мислење**

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Организацијата во согласност со Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (Кодексот на ОМСЕС) кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор
Дарко Калин

Управител
Дарко Калин

30 март 2026 година

## ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА

### Продолжуваме да предводиме промени

Годината зад нас не беше лесна. Но токму затоа е важна. Во 2025 година МЦМС покажа дека вистинското влијание не се мери само во обем на работа, туку во способноста да се создаде промена и кога околностите не се наклонети.

Граѓанските организации добија поддршка да бидат погласни, поодржливи и повлијателни. Локалните заедници добија простор за дијалог и акција. Ранливите семејства добија поддршка што враќа доверба и достоинство. Жените во спортот добија посилна видливост и аргументи за рамноправност. Регионалната борба против корупцијата доби нови актери и заеднички алатки. Младите од дијаспората добија можност повторно да ја почувствуваат Македонија како своја.

Во суштина, 2025 година ја покажа јавната вредност на МЦМС како организација што не само што спроведува програми, туку поврзува луѓе, отвора можности, јакне доверба и придвижува промени.

Останува уште многу работа. Недовербата во општеството е и натаму висока. Просторот за граѓанско дејствување бара постојана одбрана. Ранливите групи и понатаму имаат потреба од долгорочна поддршка. Но 2025 година даде јасен доказ дека кога постојат визија, партнерство и истрајност, промените се можни.

Ова е извештај за изминатата година но и сведоштво дека граѓанското дејствување има смисла, дека вложувањето во луѓето и заедниците носи резултати и дека МЦМС останува важен двигател на јавниот интерес во Македонија.

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Контакт информации**
ул. „Никола Парапунов“ 41а
п. фах 55, 1060 Скопје
Северна Македонија
mcms@mcms.mk
www.mcms.mk

**Директор**
Александар Кржаловски

**Одговорен уредник**
Гонце Јаковлеска

**Фотографии**
Фотоархива на МЦМС

**Графички дизајн**
Борис Ристовски

МЦМС